Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 196/0306
22.09 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29.08.2023 година, врз основа на примена жалба од Славчо Неделковски за „Слободен печат“ ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**Текстот со наслов: Политички игри со децата на Малиот Битолски Монмартр“ објавен на 21.07 2023 на порталот на весникот „Слободен печат“ не отстапува од професионалните и етичките стандарди утврдени во Кодексот на новинарите на Македонија и Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 22 јули 2023 година од Славчо Николовски пристигна жалба за текстот: Политички игри со децата на Малиот Битолски Монмартр“, објавен на 21 јули на порталот на весникот „Слободен печат“.

Жалителот наведува во жалбата дека станува збор за текст во кој има говор на омраза, нарушување на авторско право/плагијат и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето. Покрај тоа, тој посочува дека има преземање содржини од друг медиум. Во случајов „Слободен печат“ од „Независен“. „Ова е класична игра на вест која не навлегуваме дали е точна или не, но како е истата злоупотребена два пати од два сосема различни портали во временски распон од 9 до 10 дена, при што и кај двата портали е ексклузивна изјава за тој портал што не е точно и води до заблуди“, пишува Неделковски во жалбата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, побара од Слободен печат да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Од Слободен печат одговорија: „наводите во жалбата ги сметаме за најгруб вид вршење притисок врз нашиот новинар Младеновска, нашиот медиум и нашата уредувачка политика. Се додава дека „Во текстот се наведени факти (лесно проверливи и докажливи) и во ниеден момент не се шпекулира или дава коментар на податоците до кои Младеновска дошла како сознание и истите беа објавени како такви. Оценката дека станува збор за говор на омраза е глупост! Не е познато, чии авторски права се повредени. Тврдење на жалителот кое исто така – во целост го отфрламе. Авторскиот текст на Младеновска е изработен според стандардите кои ги предвидува современото новинарство; во објавениот текст се објавени информации во изворна форма, од познати лица на редакцијата и кредибилни извори, од прес конференција, со увид во документи на лице место (повеќе нотарски изјави), во непосреден разговор со давателите на информациите, а користени се и писмени изјави на некои од родителите (за последново, од таму и два идентични пасуси на текстот објавен во ,,Независен,, вис а вис објавата на ,,Слободен печат)“

Во врска со пристрасноста и неурамнотеженоста во информирањето,од весникот велат дека „воспоставен е апсолутен баланс на разномислечките страни во новинарскиот текст на Младеновска, со што наводите во жалбата за пристрасноста и неурамнотеженоста во информирањето се обична измислица и ги отфрламе со индигнација“.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби со мнозинство гласови утврди дека жалбата не е основана и ја отфрли.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 29 август 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина. Најпрво, заклучија дека не можат и немаат право да ја утврдуваат вистинитоста на фактите наведени во неа, а кои се во надлежност на обвинителствата, МВР и судовите или други институции. Надлежност на Комисијата е единствено да утврдува дали се почитуваат етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Мнозинството членови од Комисијата за жалби беше согласно дека станува збор за тема од јавен интерес. Особено кога има и политизација на прашањето. Новинарот собрал повеќе изјави и ставови на разни извори. Така што успеал да ја долови сликата за темата за која пишува и да ја доближи објективно до читателите. Членовите на Комисијата исто така не може да најдат елементи на говор на омраза во текстот. Ниту, пак, можеа да утврдат нарушување на нечии авторски права. Оттука и оценката на мнозинството членови дека нема нарушување на професионалноста и етичноста. Станува збор за добро обработена тема, со соговорници, изјави, факти. Оттука, веројатно, Неделковски не се жали на содржината на текстот, туку најмногу на „изјавата на родителот, која е идентична во двата медиуми“. Со што смета дека има некаква хајка против него. Комисијата со мнозинство од гласовите не се согласи ниту со ваквото толкување на содржината на жалбата. Оттука и одлуката за отфрлање на жалбата.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595